Ceresit

# CT 721

ETA Ceretherm SYSTEM visage

## VISAGE средство за импрегнација на боја на дрво

**Дизајн средство за импрегнација која ја оддржува природната боја на дрво за надворешна и внатрешна употреба**

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- достапно во 12 бои на природно дрво
- отпорно на временски влијанија
- издржливо и отпорно на валкање
- водоодбивно
- висока стабилност на боја
- подготвен за употреба

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit CT 721 средството за импрегнација се користи за изведување на украсен слој на природно дрво над површина со Ceresit CT 720 VISAGE малтер со ефект на дрво, тенкослоен минерален малтер, традиционален малтер, бетонска или гипсана површина. CT 721 средството за импрегнација е една од компонентите кои се користат во Ceresit Ceretherm Visage надворешниот термоизолациски композитен систем за зидови (ETICS) со поставување плочи од експандиран полистирен и минерална волна. Материјалот може да се нанесе со четка, ваљак или сунѓер. Средството има исклучителна трајност и отпорност на нечистотии.

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

CT 721 може да се нанесува на носиви, суви површини без прашина, маснотии, битумен и други супстанци кои можат да го намалат лепењето.
- CT 720 VISAGE малтер со ефект на дрво (постар од 3 дена)
-тенкослоен минерален малтер (постар од 3 дена)
- цементни и цемент-вар малтер (постари од 28 дена), - бетон (постар од 3 дена и влага < 4%
- гипс подлоги - украсен малтер (само во внатрешноста) со влага под 1%
- пред нанесување на CT 721 подлогата премачкајте ја со основен премаз Ceresit CT 17.

Влагата од подлогата ја загрозува структурата на малтерот, поради тоа кај простории со константна влага треба да се обезбеди адекватно заптивање.




### НАНЕСУВАЊЕ

Пред употреба, темелно измешајте ја целата канта. При нанесување исто така мешајте ја содржината. Не мешајте подолго од 1 минута. Не користете рѓосан алат. Средството за импрегнација нанесете го во најмалку два или повеќе слоеви - влажно на влажно. CT 721 може да се нанесува со четка, ваљак или сунѓер. Не правете пауза при нанесувањето и со средство за импрегнација од една иста серија на секое пакување или содржината на кантите од различна серија да се измешаат. Заштитете ги површините кои не треба да се фарбаат (прозори и врати) со фолија. Свежите дамки веднаш измијте ги со вода. Алатот темелно исчистете го веднаш по употреба.

### НАПОМЕНА

Работете при температура на воздухот и подлогата од +5°C до +25°C и влажност под 80%. Заштитето го малтерот од пад додека целосно не се исуши. При работењето се препорачува задолжителна употреба на заштита од скеле. Производот не смее да се меша со други пигменти и везива. Просториите во кои е нанесен материјалот треба да се проветруваат до целосно сушење и исчезнување на мирисот. При контакт со очи, измијте со голема количина на вода и консултирате се со лекар.. Чувајте го вон дофат на деца. Содржи биоциден производ: конзерванс изотиазолин смеса 3:1(CIT/MIT)

## ПРЕПОРАКИ

Не нанесувајте го средството за импрегнирање на ѕидови со висока изложеност на сонце и заштите го малтерот од пребрзо сушење. Во случај на оштетување, веднаш поправете со премачкување средство за импрегнација CT 721. Остатокот материјал, добро затворете го и искористете го што е можно побрзо.

## РОК НА ТРАЕЊЕ/СКЛАДИРАЊЕ

До 12 месеци од датумот на производство и чување на производот во оригнално пакување на суви услови. **Заштитете од смрзнување! Заштитете од директна изложеност на сончеви зраци.**

## ПАКУВАЊЕ

Пластична канта од 4l.

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 20°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој технички лист ги заменува сите претходни.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | избрани силиконски олигомери со додаток на тефлонска емулзија |
| Густина: | 1.05 kg/dm$^3$ |
| Работна температура: | од +5 °C до +25 °C |
| Време на обработка: | приближно 30 минути |
| Отпорност на дожд: | после приближно 24 часа |
| Отпорност на удар: | кат. III според ETAG 004 |
| Паропропуисност: | $S_d$ ≤ 1.0 m според ETAG 004 |
| Апсорција на вода после 24 часа: | < 0.5 kg/m$^2$ според ETAG 004 |
| Лепење меѓу слоеви после стареење: | ≥ 0.08 MPa |

Отпорност на пожар во согласност со EN 13501-1:

A2-s1,d0 во:

Ceresit Ceretherm Universal MW

B – s1, d0 во:

Ceresit Ceretherm Classic, Ceresit Ceretherm Popular

Ceresit Ceretherm Wool Classic, Ceresit Ceretherm Visage

Ceresit Ceretherm Universal EPS, Ceresit Ceretherm Universal XPS

B – s2, d0 во:

Ceresit Ceretherm Wool Premium

| | |
|---|---|
| Просечна потрошувачка: | приближно 0.2 – 0.3 l/m$^2$ на два слоја |
| Достапни бои: | Iberia Pine<br>Norway Pine<br>Bengal Teak<br>Canada Walnut<br>Congo Wenge<br>Irish Oak<br>White Birch<br>Silver Grey<br>Light Beige<br>Steel Grey<br>Dark Brown<br>Africa Ebony |

**VOC (Директива 2004/42/EC/2):**
A(d) Внатрешни.надворежни облоги и бои за дрво и метал.,
VOC макс.: 130 g/l. Овој производ содржи макс.: 50 g/l

Овој производ ги поседува следните референтни документи:
- Европска техничка проценка (ETA) во системите:

| Ceresit Ceretherm sistem | Popular | Classic | Visage | Wool Classic | Wool Premium | Universal EPS | Universal XPS | Universa l MW |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ETA | 08/0309 | 09/0014 | 11/0395 | 09/0026 | 09/0037 | 13/0535 | 13/0807 | 14/0127 |
| Сертификат | 1488-CPR--0382/Z | 1488-CPR--0439/Z | 1488-CPR--0370/Z | 1488-CPR--0440/Z | 1488-CPR--0375/Z | 1488-CPR--0457/Z | 1488-CPR--0456/Z | 1488-CPR-0362/Z |
| DoP | 00426 | 00420 | 00431 | 00424 | 00430 | 00433 | 00434 | 00435 |